ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на **ООУ „Крсте Мисирков“, Скопје** период **2024-2026** година

Врз основа на Законот за основното образование „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) општинското основно училиште „Крсте Мисирков“, Скопје изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2024 до 2026 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 19.06.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

од редот на наставници:

- Маја Виденовиќ
- Анета Смилевска
- Лидија Димитриевска

од редот на родителите: Ангелина Петковска

педагог: Рената Стаменковска Младеновска

психолог: Сања Станковска

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2024 – 2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

Подрачје	Членови на тимот
1. Планирање, настава и учење	***Јасминка Пешевска*** ***Лидија Димитриевска*** Виолета Миноска Катерина Јовановиќ Билјана Петровска Анкица Младеновска Наташа Новеска Ивана Милковска Никола Наневски Ема Христова

	Веска Цветковска Сузана Тошевска Ана Николова Анета Чаковска
2. Постигање на учениците	***Елена Новакова*** ***Анета Смилевска*** Благица Атанасова Рената Стаменковска Младеновска Маја Атанасова Благица Ристивојевиќ Марија Каранџуловска Маргица Стефановска Билјана Велјановска Мимоза Црвенова Анета Топалова
3. Училишна клима и односи во училиштето	***Сања Станковска*** ***Јасминка Милошевска*** Наташа Недановска Александар Цветковски Маја Караџоска Дарко Костиќ Сашка Крстески Славица Зафировска Фросина Цветковска Даниела Здравева Стевковска Ѓорѓи Цеков Јелена Димовска
4. Управување и раководење	***Маја Виденовиќ*** ***Фросина Алексовска*** Лидија Петрушевска Сања Тасевска Лилјана Димитриевска

	Марија Бошковска Бобан Величковски Дејан Ангеловски Весна Димитриевска Анета Придаенкоска Славица Илиевска

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, дискусии со фокус групи, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 12.06.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Опис/ резиме на подраачјето

Врз основа на анализата на собраните податоци, може да се констатира дека училиштето континуирано посветува значително внимание на планирањето, организацијата, реализацијата и унапредувањето на воспитно-образовниот процес. Наставниците навремено и систематски ги изработуваат планирањата во согласност со наставните програми и стандарди, при што применуваат разновидни современи методи, техники и форми на работа со цел обезбедување квалитетна, ефикасна и ученик-ориентирана настава.

Во училиштето е воспоставена добра професионална соработка меѓу наставниците, стручната служба и директорот, која се одликува со континуирана размена на искуства, взаемна поддршка и координација во процесот на планирање, реализација и следење на наставата. Наставниот кадар активно ги поттикнува учениците на истражувачки пристап, критичко размислување, соработка и активно учество во наставните и воннаставните активности, проекти и натпревари.

Посебен акцент се става на препознавањето и задоволувањето на различните образовни потреби на учениците. Училиштето воспоставува инклузивни практики преку работата на Инклузивниот тим, изработката и имплементацијата на индивидуални образовни планови, како и преку примена на диференцирани наставни стратегии и активности. Наставниците, во соработка со стручната служба и родителите, континуирано го следат развојот и напредокот на учениците и обезбедуваат соодветна поддршка за нивно целосно академско, социјално и емоционално напредување.

Училиштето обезбедува позитивна, безбедна, инклузивна средина во која се промовираат вредностите на почитување, одговорност, соработка, еднаквост и меѓусебна поддршка. Резултатите од спроведените испитувања укажуваат на високо ниво на задоволство кај учениците и родителите во однос на квалитетот на наставниот процес, професионалниот однос на наставниците и можностите за активно вклучување во различни училишни активности.

Во делот на следењето и оценувањето на постигањата, наставниците применуваат разновидни методи и инструменти за континуирано следење на напредокот на учениците и обезбедуваат навремени и конструктивни повратни информации. Истовремено, родителите редовно се информираат за постигнувањата и развојот на своите деца преку родителски средби, индивидуални консултации и електронскиот дневник.

Училиштето реализира широк спектар на воннаставни активности, проекти, екскурзии, еколошки, хуманитарни и интеркултурни иницијативи, со што се создаваат услови за развој на интересите, талентите, креативноста, претприемачкиот дух и социјалните компетенции на учениците.

Севкупно земено, анализата покажува дека училиштето успешно ги реализира своите воспитно-образовни цели и континуирано работи на обезбедување квалитетна и инклузивна настава. Како приоритетни насоки за понатамошен развој се издвојуваат поинтензивна примена на дигитални ресурси и современи наставни технологии, дополнително унапредување

на диференцираниот пристап и формативното оценување, како и натамошно јакнење на партнерската соработка со родителите во следењето и поддршката на напредокот на учениците.

Сметаме дека со вселувањето во новата училишна зграда, наставниците и учениците ќе имаат повеќе услови за реализација на создадените приоритети.

Изнесените наоди, согледувања и заклучоци се засноваат на принципот на триангулација на податоците, преку анализа и споредба на информации добиени од анкетни прашалници, интервјуа, фокус-групи, увид во педагошката документација, училишната евиденција и други релевантни извори. Ваквиот пристап овозможува поголема објективност, веродостојност и сеопфатност на процесот на самоевалуација, обезбедувајќи цврста основа за донесување заклучоци и планирање на идните развојни активности на училиштето.

Силни страни

- Училиштето има развиено систем за наградување и пофалување на учениците и наставниците ги поттикнуваат учениците да учествуваат на натпревари.
- Наставниците успешно ги поттикнуваат учениците на активно учество, поставување прашања, истражување, соработка и критичко размислување.
- Наставните содржини, задачи и активности се приспособуваат на индивидуалните потреби, можности и способности на учениците.
- Се обезбедува континуирано следење на постигањата на учениците и навремено давање квалитетна повратна информација за нивниот напредок.
- Родителите редовно и навремено се информираат за успехот, постигањата и развојот на своите деца преку различни форми на комуникација.
- Училиштето обезбедува позитивна, мотивирачка, безбедна и поддржувачка средина за учење и развој на учениците.
- Учениците изразуваат високо ниво на задоволство од организацијата на наставата, пристапот на наставниците и можностите за активно учество во наставниот проце

Слаби страни

- Примената на современи дигитални ресурси, интерактивни содржини и образовни технологии во наставниот процес треба дополнително да се унапреди.
- Недостапност на услови за непречен наставно образовен процес за учениците со посебни образовни потреби и поголема вклученост на нивните родители.

Приоритети

- Вклучување на родителите/старателите на учениците со посебни образовни потреби во заеднички активности, едукации и работилници.
- Унапредување на наставниот процес преку зголемена употреба на разновидни наставни ресурси, дигитални алатки и современи образовни технологии.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/ резиме на подраачјето

Врз основа на анализата на целокупната документација, увидот во училишните евиденции, извештаите од стручните органи и тела, резултатите од спроведените анкети со наставниците, учениците и родителите, како и добиените информации од разговорите со стручната служба, може да се констатира дека училиштето има воспоставено функционален и систематски пристап за следење, анализирање и унапредување на постигањата на учениците.

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците според повеќе показатели, вклучувајќи го полот, наставниот предмет и квалификацискиот период. Анализите што се изработуваат овозможуваат навремено согледување на состојбите, идентификување на потребите на учениците и планирање соодветни активности за подобрување на успехот. Добиените податоци редовно се разгледуваат на состаноците на одделенските совети, Наставничкиот совет и стручните активи, при што се донесуваат заклучоци и се предлагаат мерки за унапредување на воспитно-образовниот процес. Врз основа на извршените анализи, по секој квалификациски период се планираат и реализираат конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците преку акциски планови, а нивната реализација и ефекти редовно се следат и анализираат.

Особено значајно е што училиштето обезбедува еднаков пристап за сите ученици преку навремено идентификување на учениците со потешкотии во учењето, учениците со попреченост и надарените ученици. Во таа насока се применуваат различни форми на поддршка, како што се дополнителна и додатна настава, индивидуализирана работа, диференцирани активности и соработка со стручната служба и училишниот инклузивен тим. Од анализите и анкетните податоци може да се согледа дека учениците ја препознаваат поддршката што ја добиваат од наставниците, а наставниците покажуваат висок степен на подготвеност за препознавање и задоволување на различните образовни потреби на учениците.

Согласно спроведените анализи и утврдените наоди, во наредниот период ќе се пристапи кон дополнително реорганизирање на начинот на реализација на дополнителната настава. Новите просторни и организациски можности што ќе ги овозможи новата училишна зграда ќе придонесат за поефикасно следење и анализирање на постигањата на учениците, како и за појасно согледување на ефектите од преземените мерки за подобрување на успехот.

Во училиштето е воспоставен јасен и функционален систем за информирање на родителите за напредокот, успехот, редовноста и однесувањето на учениците. Родителите добиваат информации преку родителски средби, приемни денови, индивидуални разговори и преку е-дневникот, што придонесува за навремена размена на информации и градење партнерски однос помеѓу училиштето и семејството. Резултатите од анкетите покажуваат високо ниво на информираност и задоволство кај родителите во однос на комуникацијата со училиштето и можностите за следење на напредокот на нивните деца.

Училиштето посветува внимание и на развојот на учениците преку реализација на разновидни воннаставни активности кои се планирани во Годишната програма за работа. Преку нив учениците имаат можност да ги развиваат своите интереси, способности и таленти, да учествуваат во проекти, натпревари, работилници, хуманитарни, спортски, еколошки и културни активности и активно да се вклучуваат во животот на училиштето. Реализираните активности редовно се промовираат преку веб-страницата и социјалните мрежи на училиштето, што придонесува за поголема видливост на работата на училиштето и афирмација на ученичките постигнувања во локалната заедница.

Просечниот број на неоправдани изостаноци е низок и се движи под утврдените критериуми, што укажува на редовност на учениците. Во случаи кога се појавуваат потешкотии поврзани со редовноста, успехот или однесувањето, училиштето реализира разговори и советувања со учениците и родителите и по потреба воспоставува соработка со надворешни институции. Ефективноста на превентивните активности се согледува и преку фактот што во анализираниот период не биле евидентирани ученици за кои било потребно спроведување формална постапка за советување поради намален успех, нередовност или несоодветно однесување

Во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, на национално ниво не биле спроведени екстерни проверувања и тестирања на постигањата на учениците, поради што училиштето не располага со податоци кои би можеле да бидат предмет на анализа во рамките на овој индикатор

Севкупно, анализата покажува дека училиштето има воспоставено систематски пристап во следењето на постигањата на учениците и во преземањето мерки за нивно подобрување. Постои добра усогласеност помеѓу планираните активности, спроведените мерки и утврдените потреби на учениците, како и високо ниво на вклученост на наставниците, родителите и учениците во процесот на унапредување на воспитно-образовната работа. Ваквиот пристап создава услови за континуиран напредок на учениците и обезбедува цврста основа за понатамошно подобрување на квалитетот на работата на училиштето.

Силни страни

- Навремена евиденсција на редовноста на учениците и информирање на родителите/старателите за редовноста на нивното дете;
- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди;
- Наставници редовно даваат повратна информација за работата на учениците;
- Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е многу помал од пет по ученик

Слаби страни

- Недостасува дополнително систематизирање и документирање на анализите за влијанието на дополнителната настава врз постигањата на учениците, со цел појасно следење на ефектите од преземените мерки

Приоритети

- Во наредниот период ќе се пристапи кон дополнително реорганизирање на начинот на реализација на дополнителната настава во согласност новите просторни услови.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/ резиме на подрачјето:

Училиштето претставува позитивна, безбедна и мотивирачка средина за учење и развој на учениците. Благодарение на заедничкиот ангажман на наставниците, учениците, родителите и стручната служба, училиштето има добар углед во локалната заедница. Учениците активно учествуваат во бројни наставни и воннаставни активности, натпревари, секции и проекти, а нивните успеси редовно се промовираат преку социјалните мрежи и веб-страницата на училиштето.

Во училиштето постојат јасно утврдени правила преку Кодексот на однесување и Куќниот ред, кои ги регулираат односите и однесувањето на сите учесници во воспитно-образовниот процес. Училишната клима се карактеризира со почитување, соработка и отворена комуникација меѓу учениците, наставниците и родителите. Поведението и дисциплината се на задоволително ниво, а за прекршување на правилата се применуваат соодветни педагошки мерки.

Училиштето ги почитува правата на децата, промовира еднаквост, толеранција и мултикултурност, а учениците активно учествуваат во донесувањето одлуки преку Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител. Посебно внимание се посветува на превенција од насилство, дискриминација и зависности преку работилници, предавања и соработка со надлежни институции.

Соработката со родителите и локалната заедница е на високо ниво. Родителите се вклучени во работата на училиштето преку различни активности, Советот на родители и Училишниот одбор. Училиштето организира културни, спортски и хуманитарни активности и активно учествува во проекти и настани во заедницата.

Големо внимание се посветува на здравјето, безбедноста и благосостојбата на учениците. Се спроведуваат редовни здравствени прегледи, превентивни активности и мерки за одржување на хигиената и безбедноста кои моментално не се на високо ниво. Иако моментално работи во ограничени просторни услови поради изградба на нова училишна зграда, училиштето обезбедува сигурна средина за работа. Училиштето редовно спроведува мерки за одржување на хигиената и здравјето, како што се дезинфекција, дезинсекција и дератизација, редовно чистење на просториите и обезбедување средства за хигиена. Набавена е и професионална машина за чистење на подови. Се води грижа за животната средина преку еколошки акции и уредување на училишниот двор. За учениците и вработените редовно се организираат систематски, санитарни и стоматолошки прегледи, како и вакцинација. Иако анкетите покажуваат дека хигиената може

да биде подобра, моменталните услови се отежнати поради изградба на ново училиште, а од следната учебна година се очекуваат значително подобри услови за работа и учење.

Дополнително, се обезбедува поддршка за ученици со здравствени проблеми, ученици со пречки во развојот и ученици кои имаат потреба од емоционална или образовна помош, како и поддршка при изборот на понатамошното образование.

Силни страни

- Позитивна и мотивирачка училишна средина
- Обезбеден еднаков и правичен третман на сите ученици, без дискриминација.
- Поддршка и доверба кон наставниците и стручната служба.
- Училиштето има воспоставено функционален, безбеден и ефективен систем за превенција и заштита од сите форми на насилство (физичко, вербално и сајбер-насилство). Преку континуирана реализација на превентивни работилници од страна на стручната служба, учениците се едуцирани за ненасилна комуникација, толеранција и конструктивно решавање на конфликти. Во училиштето владее клима на толеранција за насилство, со јасно дефинирани протоколи за постапување кои придонесуваат за високо чувство на безбедност кај учениците, наставниците и родителите.
- Грижа за ученици од социјално загрозени семејства.

Слаби страни

- Недоволна хигиена во одредени делови од училиштето.

Приоритети

- Подобрување на хигиенските услови, зајакнување на системот за одржување на хигиената на високо ниво и редовен мониторинг на хигиената во сите простории.
- Подигнување на свеста кај учениците за штетноста од употреба на тутунски производи, електронски цигари (вејпови), алкохол и психоактивни супстанци, преку интензивирање на превентивните едукативни мерки од страна на стручни лица и зајакнување на контролните механизми во и околу училишната средина.

Подрачје 4. Управување, раководење и креирање политики

Опис/ резиме на подрачјето

Анализата на податоците добиени од увидот во училишната документација, анкетите со наставници, ученици и родители, интервјуата со директорот и членот на Училишниот одбор, како и дискусијата со фокус група на наставници, покажува дека училиштето има воспоставен систем на ефикасно управување и раководење кој овозможува успешно функционирање и континуиран развој на воспитно-образовниот процес.

Училишниот одбор функционира согласно законските прописи и утврдените процедури, согласно деловникот за работа, со редовно одржување седници и активно учество во донесувањето одлуки поврзани со работата и развојот на училиштето. Документите и интервјуата потврдуваат дека членовите се запознаени со своите надлежности и активно учествуваат во разгледувањето и усвојувањето на програмските и финансиските документи. Притоа постои партнерски однос помеѓу Училишниот одбор и раководниот орган на училиштето. Податоците од анкетите покажуваат дека најголем дел од родителите и наставниците се информирани за одлуките на Училишниот одбор, што упатува на транспарентност во неговото работење.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето и обезбедува активно вклучување на наставниците, родителите и учениците во процесите на планирање и донесување одлуки. Визијата и развојните цели се интегрирани во програмските документи и се реализираат преку тимска работа и континуирано следење на акциските планови. Анкетните податоци покажуваат високо ниво на согласност кај наставниците, родителите и учениците дека во училиштето постои добра соработка помеѓу раководството и останатите чинители и дека нивните иницијативи и предлози се разгледуваат и поддржуваат. Училиштето развива и одржува партнерства со локалната заедница, деловниот сектор, граѓанските организации и различни образовни мрежи, што придонесува за неговиот развој и унапредување на квалитетот на образовниот процес.

Во делот на управувањето со ресурсите, училиштето рационално ги користи расположливите просторни, материјални и човечки капацитети. И покрај предизвиците поврзани со моменталните просторни услови и изградбата на новата училишна зграда, обезбедени се услови за реализација на наставата и воннаставните активности. Наставниците во голем процент оценуваат дека училиштето континуирано ги следи и обезбедува потребните наставни средства, помагала и потрошен материјал. Од друга страна, анализата укажува на потреба од подобрување на просторните услови и модернизација на библиотеката преку нејзино трансформирање во современа медијатека.

Училиштето располага со соодветен, стручен и квалификуван наставен кадар кој ги исполнува нормативите и потребите на наставниот процес. Училиштето има воспоставени ефикасни механизми за обезбедување континуитет во наставниот процес преку навремена замена на отсутните наставници. Професионалниот развој е системски планиран и реализиран преку лични планови за професионален развој, план за професионален развој на ниво на училиште,

интерни и екстерни обуки, хоризонтално учење и менторска поддршка, во насока на континуирано подобрување на квалитетот на реализација на наставата. Постои и утврдена практика на дисеминација на стекнатите знаења од обуки. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Наодите од анкетите покажуваат високо ниво на задоволство кај наставниците од можностите за стручно усовршување и од практиките за споделување на стекнатите знаења и искуства. Училиштето оддава признанија на наставниците кои внесуваат ефективни иновации на наставата и придонесуваат за афирмација на училиштето. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Во училиштето има и наставник ментор, кој од мај 2026 година го има добиено и највисокото звање – наставник советник.

Следењето и унапредувањето на наставниот процес се реализира континуирано преку планирани посети на наставни часови од страна на директорот и стручната служба, користење инструменти за следење и обезбедување конструктивна повратна информација за наставниците. Овие активности придонесуваат за подобрување на квалитетот на наставата и професионалниот развој на наставниот кадар.

Училиштето има воспоставени процедури за креирање и унапредување на училишните политики. Во нивното креирање активно учествуваат наставниците, учениците, родителите, Училишниот одбор и локалната заедница. Особено внимание се посветува на безбедноста, инклузивноста, еднаквоста и создавањето услови за напредок на секој ученик.

Развојното планирање се заснова на резултатите од самоевалуацијата и идентификуваните потреби, а поставените цели се конкретни, реални и насочени кон подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа. Континуирано се следи имплементацијата на актиовностите од Развојната програма и постигнувањето на планираните цели.

Финансиското работење се реализира согласно законските прописи и утврдените процедури. Буџетот се планира и користи наменски, во согласност со развојните и образовните приоритети на училиштето, а органите и телата во училиштето редовно се информираат за неговото планирање и реализација.

Врз основа на анализата на сите расположливи податоци може да се заклучи дека училиштето има функционален систем на управување и раководење, развиена култура на соработка и учество на сите чинители, со јасна насоченост кон континуирано унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа. Истовремено, постојат можности за понатамошно подобрување на материјално-техничките услови и библиотечните ресурси, што претставува значаен развоен приоритет за наредниот период.

Силни страни

- Училиштето има воспоставен ефикасен и транспарентен систем на управување и раководење кој обезбедува активно учество на сите релевантни чинители во процесот на донесување одлуки.
- Училишниот одбор функционира согласно законските надлежности, редовно одржува седници и активно учествува во планирањето и следењето на работата на училиштето.

- Директорот успешно го координира воспитно-образовниот процес, поттикнува тимска работа и обезбедува позитивна работна клима и соработка меѓу вработените.
- Училиштето континуирано го следи и унапредува квалитетот на наставата преку посети на часови, советодавна поддршка и систематско следење на работата на наставниците.
- Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој, согласно основните професионални компетенции, и успешно ги идентификуваат подрачјата за сопствен професионален развој. Училиштето изработува план за професионален развој на ниво на училиште согласно личните планови за професионален развој, резултатите од самоевалуацијата и програмата за развој на училиштето и ја следи неговата имплементација.
- Наставниот кадар активно учествува во професионален развој преку интерни и екстерни обуки, хоризонтално учење и споделување на добри практики.
- Училиштето има воспоставена практика за дисеминација и споделување на знаењата, вештините и искуствата стекнати преку обуки и професионален развој на кадарот.
- Наставникот-ментор им пружа неопходна поддршка на наставниците за имплементација на иновативни приоди во наставата и следење на промените во воспитно образовниот систем.
- Постапката за креирање на училишните политики е преку давање предлози и иницијативи, и учество на наставниците во различни тимови
- Училиштето има донесено повеќе интерни правилници со кои се регулира однесувањето на учениците, нивното наградување и изрекување педагошки мерки, упис на учениците, и сл.
- Развојната програма се темели на реални потреби и наоди од самоевалуацијата, при што поставените цели се насочени кон подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа.
- Започната е изградба на нова училишна зграда, согласно Развојната програма во насока на подобрување на просторните услови и квалитетот на реализација на воспитно-образовната работа.
- Училиштето обезбедува транспарентност во финансиското работење преку редовно информирање на органите и телата за планирањето и реализацијата на училишниот буџет.

Слаби страни

- Постојните просторни услови не ги задоволуваат целосно современите потреби за реализација на наставата и воннаставните активности.
- Библиотечниот фонд и просторните услови во библиотеката имаат потреба од модернизација и дополнување со современи образовни и дигитални ресурси.
- Потребно е понатамошно унапредување на материјално-техничката опременост со современи наставни средства и дигитална технологија

Приоритети

- Подобрување на просторните услови за работа преку обезбедување функционален, безбеден и современ училишен простор кој ќе одговори на потребите на наставата и воннаставните активности.

- Модернизација на библиотеката и збогатување на библиотечниот фонд со современи печатени и дигитални образовни ресурси.
- Континуирано унапредување на материјално-техничката и дигиталната опременост на училиштето за поддршка на современи наставни пристапи

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

- Подобрување на просторните и материјално-техничките услови за работа преку опремување на новата училишна зграда со современи наставни средства и дигитална технологија.
- Унапредување на наставниот процес преку поголема примена на дигитални алатки, нтерактивни содржини и современи образовни технологии.
- Реорганизација на начинот на реализација на дополнителната настава и воспоставување на појасни механизми за следење, анализирање и документирање на ефектите од нејзина реализација врз постигањата на учениците.
- Модернизација на училишната библиотека и збогатување на библиотечниот фонд со современи печатени и дигитални образовни ресурси.
- Зајакнување на инклузивните практики и поддршката на учениците со посебни образовни потреби преку поголемо вклучување на родителите во заеднички активности, едукации и работилници.
- Зајакнување на системот за одржување на хигиената со цел обезбедување здрава, безбедна и поттикнувачка средина за учење и работа.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Маја Виденовиќ

Анета Смилевска

Лидија Димитриевска

Ангелина Петковска

Рената Стаменковска Младеновска

Сања Станковска